РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТА НА КОМИТЕТОТ ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Скопје, 25 април 2012 година

Врз основа на член 44 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2009) и Одлуката за формирање на Комитет за финансиско управување и контрола број 15-25107/1 од 1 август 2011 година, Комитетот за финансиско управување и контрола на седницата одржана на 25 април 2012 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК

# ЗА РАБОТА НА КОМИТЕТОТ ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

## Член 1

Со овој деловник се утврдува начинот на работа на Комитетот за финансиско управување и контрола, како консултативно тело за прашања поврзани со финансиското управување и контрола (во понатамошниот текст: Комитет ).

## Член 2

1. Комитетот се состанува најмалку еднаш во три месеци, на покана на претседателот.
2. Во случај на итност, на писмено барање на најмалку три члена од комитетот, во рок од десет дена, претседателот свикува вонредна седница.
3. Кон писменото барање од точка 2 од овој член се приложува дневен ред и образложение за причините за свикување на седницата на Комитетот.
4. Дневниот ред и придружните документи се доставуваат до членовите на Комитетот најмалку 7 дена пред одржување на седницата.
5. Нацрт – записникот од одржаната седницата се доставува до членовите на Комитетот во рок од 14 дена по одржувањето на седницата.

## Член 3

1. Комитетот одржува седница и разгледува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број на членови на Комитетот.
2. Секој член има право на еден глас.
3. Само членовите или лицата кои ги заменуваат во нивно отсуство и кои се присутни на седницата имаат право да гласаат.

4. Препораките, одлуките и мислењата се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови или лицата кои ги заменуваат во нивно отсуство и се присутни на Комитетот.
5. Упатствата се усвојуваат со најмалку двотретинско мнозинство гласови од присутните членови или заменици членови на Комитетот.

Член 4

1. Комитетот по потреба формира работни групи за подготовка на предлог материјали.
2. Во работните групи може да членуваат вработени во единиците за финансиски прашања во министерствата определени на предлог на раководителот на единицата за финансиски прашања.

Член 5

Овој деловник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 15 - 19562/1

17 -05- 2012 2012 година

Скопје

Претседател на Комитетот за финансиско управување и контрола

Наташа Стојмановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ II СКОПЈЕ